**З А П И С Н И К**

**од дваесет и шестиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2025 година**

Дваесет и шестиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 06.10.2025 година, во 12:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата како и предлог- Дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за дваесет и шестиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од дваесет и петтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за одржување на WEB GIS апликација (GIS систем) и ЕТИ (единствена точка за информации);
4. Барање на согласност за јавна набавка на стока- Електрична енергија за потребите на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за вршење на ревизија на финансиското работење на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година и ревизија на сметката за надоместоците за универзална услуга за 2025 година;
6. Барање на согласност за јавна набавка на услуга Mail Office 365-лиценци;
7. Барање на согласност за јавна набавка на стока Тонери;
8. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за дваесет и шестиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што едногласно го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3, барање за јавна набавка на услуга за одржување на WEB GIS апликација (GIS систем) и ЕТИ (единствена точка за информации), комисијата даде согласност.

Во врска со точка 4, барањето за јавна набавка на стока- Електрична енергија за потребите на Агенцијата за електронски комуникации, членовите дадоа согласност.

По точка број 5, откако се разгледаа документите поднесени за барањето за вршење на ревизија на финансиското работење на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година и ревизија на сметката за надоместоците за универзална услуга за 2025 година, па членовите дадоа согласност за ова барање.

Во врска со точка 6, членовите дадоа согласност за барањето за јавна набавка на услуга Mail Office 365-лиценци;

По однос на точка број 7, барањето на согласност за јавна набавка на стока Тонери, членовите се согласија за овој вид на набавка.

Под точка разно, немаше дискусија.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

д-р Адмирим Алити, член ________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

Анкица Трпковска, член________

Наш број 1102-43/2

Скопје 06.10.2025 година